ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0203-106/3
25.02. 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), Надзорниот одбор на ИОРРСМ, на седницата одржана на 25.02.2022 година усвои:

# Извештај за работењето на Надзорниот одбор на ИОРРСМ за 2021 година

Во 2021 година, Надзорниот одбор ги одржа 35-та и 36-та седница.

Надзорниот одбор согласно своите надлежности за вршење надзор на законитоста на материјално финансиското работење и правилноста на работата на ИОРРСМ ги разгледа следните документи:

- Годишната сметка на ИОРРСМ, Даночниот биланс, Бруто билансот за 2020 година и одредени акти и документи за кои се ценеше дека се значајни за давање оценка за работењето на ИОРРСМ, и
- Нацрт ревизорски извештај и финансиски извештаи за 2020 година.

По разгледување на горенаведените акти, го прифати извештајот на независниот ревизор од извршената ревизија на финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2020 година на ИОРРСМ и го прифати мислењето на Друштво за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД АТАНАСОВСКИ ДОО Скопје.

Надзорниот одбор го разгледа Годишниот извештај за работа на ИОРРСМ за 2020 година и Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2021 година, дискутираше за сите отворени прашања со стручната служба и го заседе следниот став:

- Извештајот дава информации за активностите на ИОРРСМ во текот на извештајната година и содржи финансиски информации за приходи и расходи по активности предвидени со годишниот план донесен од страна на Собранието на ИОРРСМ, споредбена финансиска анализа на планирани и реализирани активности и споредбена анализа на реализирани приходи и расходи за претходна и тековна година.

**Надзорен одбор на ИОРРСМ:**

**Кристина Тилиќ**

_______________________________

**Марјан Андонов**

_______________________________

**Верица Хаџи Василева – Марковска**

_______________________________

**Симе Јовановски**

_______________________________

**Ивана Богдановска**

_______________________________